| ПРВО ПОЛУГОДИЕ<br>Недела: 14 Час: 1<br>Датум: | | | Тема 2: Механика<br>Механичка работа и моќност | | | Клас<br>I - година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Време | Цели на учење | Критериуми за успех | Активности | | Ресурси | Доказ за постигнување |
| | | | Опис | Форми (Ц/Г/И) и техники | | |
| 10<br><br>20 | Да дефинира енергија<br><br>Да објасни како зависи работата од силата и патот<br><br>Да знае да дефинира работа и нејзината мерна единица џул<br><br>Да дефинира моќност и нејзината мерна единица<br><br>Да ја разберат физичката смисла на поимите работа и моќност<br><br>Да знае стекнатите знаења да ги примени во решавање на задачи | Можам да дефинирам енергија<br><br>Можам да објаснам како зависи работата од силата и патот<br><br>Можам да дефинирам работа и нејзината мерна единица џул<br><br>Можам да дефинирам моќност и нејзината мерна единица<br><br>Ја разбирам физичката смисла на поимите работа и моќност и можам стекнатите знаења да ги применам во решавање на задачи | На почетокот на часот ги истакнувам критериумите за успех, барам од учениците да ми одговорат на прашањата: Што подразбираме под механичка работа? Која е мерна единица за работа? Како се пресметува работата? Што е енергија? Што е моќност? Како се одредува коефициент на корисно дејство? Се развива дискусија.<br><br>Со помош на наставникот преку цртеж се објаснува се објаснува како зависи работата од силата и патот, се запишува формулата за работа и истата се дефинира<br><br>Учениците се насочуваат преку изведената формула да ја изведат мерната единица за работа џул и истата се дефинира<br><br>Со помош на наставникот се испитува зависноста на работата од големината на аголот под кој дејствува силата при што се се забележува кога работата е | Ц/И<br><br>Ц/И<br><br>Техника: Пауза за разјаснување, бура на идеи, | Претходно приготвени прашања од страна на наставникот<br><br>цртеж | Прашања, Одговор, Дискусија<br><br>Прашања, Одговор, Дискусија, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | | | позитивна, а кога негативна<br><br>Учениците насочуваат да дефинираат моќност преку формулата и да ја изведат мерната единица ват. Се дефинира коефициент на корисно дејство преку неговата формула<br><br>Се решаваат нумерички задачи од учебникот страна 80 пример 1 и пример 2. | Ц/И | | Резултати од нумеричките задачи |

| **Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување/ домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| **Вовед:** Организација на цела паралелка Наставникот поставува прашања, учествува во дискусиите со цел учениците да дојдат до точни заклучоци, ги контролира и по потреба помага.<br><br>**Групни активности:** Учениците изведуваат заклучоци и со наставникот и самостојно решаваат нумерички задачи. | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле:** Домашна задача: Решавање на нумерички задачи со примена механичка работа и моќност од учебникот. | Работа<br>Енергија<br>Џул<br>моќност |

didactanova

obrazovanie.literatura.mk